ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 30 ДАТА 20.08.2021 ГОДИНА 39

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 30 ДАТА 20.08.2021 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈА ЗА ЖЕНСКИ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Седница од 19.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДЕТОНИТ ЈУНИОР„ Радовиш: Иванов З. Даниел од ФК „Борец 1919 АД„ од Велес, чл. 35/3.
ФК „БЕЛАСИЦА АД„ Струмица: Николоски Ј. Иван од ФК „Велазерими 77„ од Кичево, чл. 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ДЕМИР ХИСАР**
**Седница од 19.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДЕМИР ХИСАР„ Демир Хисар: Ѓорѓовски А. Виктор од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Јанкуловски Т. Аце од ФК „Црно Буки ЗЛ„ од с. Црно Буки, Китановски Н. Јовица од ФК „Кравари„ од с. Кравари, Апостоловски Виктор, Никодиновски Б. Саша, Јанкуловски Т. Оливер и Неделковски Љ. Дарко од ФК „Стрела Спорт„ од село Могила, Велевкси Д. Христијан од ФК „Вoѓани„ од с. Вoѓани, Орѓански Б. Ѓорѓи и Димитријовски Игор од ФК „Обршани„ од с. Обршани и Милошовски Т. Дамјан од ФК „Питу Гули„ од Крушево, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД**
**Седница од 19.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВОСКА СПОРТ„ Охрид: Лазаревсло Фиолип од ФК „Скопје АД„ Скопје, Вељановски Наум од ГФК„Охрид Лихнидос„Охрид,Умер Ади, Нечкоски Андреј, Ермазо Андоноски, Абдула Езан, Настоски Виктор, Јанчески Иво, Ѓорески Филип, Абдулоски Јасмин, Стојаноски Даниел, Османоски Онур, Арсланоски Бојан, Стојанов Благојче, Трифуноски Филип и Кочески Бобан од ФК „Еврофудбал Вардар„ од Охрид, по член 35/3.
ГФК „ОХРИД ЛИХНИДОС„ Охрид: Нически Мартин и Петкоски Кристијан од ФК„Воска Спорт„ од Охрид и Клечкароски Игор од ФК „Велешта„ од с. Велешта, по член 35/3.
ЖФК „ИНТЕРНАЦИОНАЛ 2021„ Охрид: Митеска Д. Милена од ЖФК „Љуботен„ Тетово, по чл. 35/10.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 20.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Аломеровиќ М.Дин од РБ „Линенсе„ од Шпанија, по чл. 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Аломеровиќ Дин склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудблери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фубелрите: Љатифи Адмир од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Стамболиев Мартин од ФК „Маџари Солидарност Јуниор„Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавуава регистрацијата на фудбалерот Гоес Да Силва Ц. Рафаел од Аа „Фламенго„ од Бразил за Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2024 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 16.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Бафтијар Бесир од ФК „Теплице„ Република Чешка, чл. 35/11.

**Седница од 18.08.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕСА 1976„ с. Добри Дол: Есати М. Џемаил од ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје, по член 35/3.

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ од Гостивар: Хасан С. Сумер од ГФК „Осогово„ од Кочани, Иљази Р. Бујар од ФК „Велазерими 77„ од Кичево, Селими Н. Члирим, Фетаи З. Имран од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, по член 35/3.

Шабан Х. Расим Џан од ФК „Пенал Еден„ од Гостивар, по член 35/4.

**Седница од 18.08.2021 година**
**за ОФС Тетово**

❖ **Поништување на исписница и брисовница:**

Се поништува исписницата и брисовницата на фудбалерот Зеќири С. Тарик со Ид. број 115729 број на исписница 0301-172/21 од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и Брисовницата од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово број 0102/257 и фудбалерот Зеќири Тарик останува член на истиот клуб.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистриани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, фудбалерите: Селими Н. Члирим и Фатаи З. Имран од Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерката Митевска Д. Милена од Женскиот фудбалски клуб „Луботен„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**Седница од 20.08.2021 година**
**за ОФС Тетово**

❖ **Отстапување на фудбалери:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово, Фудбалскиот клуб „Скендербеу„ од Корча„ од Република Албанија и фудбалерите Беким Реџепи и Леард Садику склучија договор за отстапување на фудбалер во времетраење од шест месеци и тоа од 13.08.2021 година до 14.01.2022 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојз Тетово фудбалерите: Беким Реџепи и Леард Садриу од Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз, за времето кога се отстапени, до 14.01.2022 година.

❖ **Раскин на договори за професионално тренирање:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскиот тренер Ернест Ѓока од Тирана, Република Албанија, со привремен престој во Република Северна Македонија, Спогодбено го раскинаа договорот за тренирање на клубот деловоден број во ОФС Гостивар 0204/160 од 01.07.2020 година.

Фудблскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскиот тренер Фатјон Тафај од Тирана, Република Албанија, со привремен престој во Република Серверна Македонија, Спогодбено го раскинаа договорот за тренирање на клубот, деловоден број во ОФС Готивар 0204/159 од 01.07.2021 година.

❖ **Склучување на договори за професионално тренирање:**

Фудблскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскиот тренер Бруно Акрапович од Република Хрватска склучија договор за професионално тренирање на сениорската екипа на клубот и Шеф на стурчниот штаб на клубот во времетраење од 13 месеци и важи до 31.08.2022 година.

Фудблскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалскиот тренер Ерхан Селими од Тетово, склучија договор за професионално трненирање на сениорскта екипа на клубот во времетраење од 1 (една) година, односно почнува со важност од денот на склучувањето 03.08.2021 година до 31.08.022 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА
### Дополнување на документација од
### Седница од 12.08.2021 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Јуфо Налдо Виктор од ФК „Копер„ Република Словенија, чл. 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудблскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Јуфо Налдо Виктор склучија договор за вработување на фудбалер во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 27.07.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 1930 АД„ Кавадарци: Да Силва Н. Домбеле Фортунато од Фудблскиот клуб „Спакенбур„ од Холандија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален Договор:**

Фудбалскиот клуб „Тиквеш 1030 АД„ од Кавадарци и фудбалерот Да Силва Н. Домбеле Фортунато склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-1949/1

Прва МФЛ: 2021 - 2022

Скопје: 19.08.2021 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 2000025042**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 3 коло на Прва МФЛ 21/22 помеѓу, ФК ПЕЛИСТЕР АД - ФК ШКУПИ- 1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Алварез Родригез Фреди Антонио со ИД 165489 фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон (во 30 минута поради груба игра-удар со лакт) во рамки на 3 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Пелистер АД-ФК Шкупи 1927 АД одигран на 18.08.2021 година во Битола.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседавач

Игор Франгоски с.р

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Прва Женска фудбалска лига 2021/2022
**Број : 17-1954/3**
**Скопје: 20.08.2021 година**

Врз основа член 32 од Пропозициите за натпреварување во Прва ЖФЛ сезона 2021/22 а во врска со и член 5 став 2 од Пропозициите за женски фудбал , Комисијата за женски фудбал, на седницата одржана на ден 20.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. **Се одложува почетокот на натпреварувањето во Прва ЖФЛ утврден со одлука бр. 17-1773/2 od 29.07.2021 и Календарот за натпреварување на Прва ЖФЛ за сезона 2021/22**
2. **Се одложува почетокот на натпреварувањето во Втора ЖФЛ утврден со Календарот за натпреварување на Втора ЖФЛ за сезона 2021/22**
3. **Комисијата на наредната седница ке одлучи за датум за почеток на натпреварувањето**

**5.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата ги разгледа барањата на клубовите за одложување на почетокот на натпреварувањето заради потребно време за вакцинирање на фудбалерките.

Имајки во предвид одлуката на Владата за исполнување на услови за да може клубовите непречено да организират натпревари.

Комисијата одлучи да го одложи почетокот на натпреварувањето во Прва и Втора ЖФЛ.

Комисијата на наредната седница ке одлучи за датум за почеток на натпреварувањето, и да се известат клубовите за одлуката на комисијата

**Доставено до:**
- УО на ФФМ
- Архива на ФФМ
- Макфудбал

**Комисија за женски фудбал**
Претседавач
Лазар Ракиџиев с.р.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Нина Николовска–член, Дејан Бошков–член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1884/1 против Ерхан Селими тренер на Ф.К.Шкендија АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради неспортско однесување, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На **Ерхан Селими тренер на Ф.К.Шкендија АД** исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово за неспортско однесување, МУ **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на извршување функција од 2 (две) првенствен/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече од 16.08.2021 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1884/1 против Ерхан Селими тренер на Ф.К.Шкендија АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради неспортско однесување, Ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 15.08.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 2 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД на Градски Стадион во Тетово. Во 68 минута од натпреварот, пријавениот неспортски се однесувал поради што бил исклучен од страна на главниот судија Качевски Јован.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДО:***
***Ф.К.ШКЕНДИЈА АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Нина Николовска –член, Дејан Бошков –член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1885/1 против Александар Вареловски со ИД 101798 фудбалер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД исклучен од натпреварот Ф.К.Борец АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Велес поради добиени два жолти-црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На **Александар Вареловски со ИД 101798 фудбалер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД** исклучен од натпреварот Ф.К.Борец АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД одигран на ден 15.08.2020 година на Градски стадион во Велес во рамки на 2 коло од Прва МФЛ поради добиени два жолти-црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.***

2. *Дисциплинската мерка тече 16.08.2021 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1885/1 против Александар Вареловски со ИД 101798 фудбалер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД исклучен од натпреварот Ф.К.Борец АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД одигран на ден 15.08.2021 година на Градски стадион во Велес во рамки на 2 коло од Прва МФЛ поради добиени два жолти-црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 15.08.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 2 коло од Прва МФЛ помеѓу екипите Ф.К.Борец АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД на Градски Стадион во Велес. Во 78 минута од натпреварот на играчот со број 21 **Александар Вареловски со ИД 101798 фудбалер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 АД** му е доделен жолт картон поради недозволен старт, на истиот фудбалер во 87 минута му е доделен втор жолт-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Бартон Јосип поради недозволен старт.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***До:***
***Г.Ф.К.ТИКВЕШ 1930 АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Нина Николовска–член, Дејан Бошков–член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1883/1 против Фисник Нухи преставник на Ф.К.Ренова АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради неспортско однесување, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:*

# ***О Д Л У К А***

1. *На **Фисник Нухи преставник на Ф.К.Ренова АД** исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло од Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово за неспортско однесување, МУ **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на извршување функција од 2 (две) првенствен/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече од 16.08.2021 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

## ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1883/1 против Фисник Нухи преставник на Ф.К.Ренова АД исклучен од натпреварот Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД одигран на ден 15.08.2021 година во рамки на 2 коло Прва МФЛ на Градски стадион во Тетово поради неспортско однесување, Ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:*

*На ден 15.08.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 2 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Ренова АД на Градски Стадион во Тетово. Во 94 минута од натпреварот, пријавениот неспортски се однесувал поради што бил исклучен од страна на главниот судија Качевски Јован.*

*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова с.р***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***До:***
***Ф.К.РЕНОВА АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**